# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седмото продолжение на Шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 октомври 2006 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12, 13 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да седнат на своите места.

Продолжуваме со работа по Шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Зоран Витанов, Јован Манасиевски, Верица Филипова, Владо Бучковски, Данаил Дончев, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Теута Арифи, Абдулади Вејсели , ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Има збор Ајше Селмани.

**Ајше Селмани:** Ви благодарам почитуван господин Георгиевски, почитувани пратеници,

Амандманот 47 што госпоѓата Роза Топузова Каровска го има предложено, ми дава можност и мене да се вклучам во оваа расправа. Како и сите други амандмани за кои со денови сме дискутирале, така и во овој амандман што е во однос на членот 97 од овој се вели: “Полицискиот службеник заснова работен однос врз основа на јавен оглас, на начин и под услови утврднеи со овој закон. По исклучок работен однос без оглас се заснива за работни места утврдени со актот за систематизација на работните места во полицијата и на стипендисти на Министерството, завршени студенти на Полициската академија”.

Според предложениот амандман од страна на госпоѓата Каревска каде се бара да се избрише реченицата: “за утврдени работни места со актот за систематизација на работните места во полицијата”, според мене овој став не треба да остои во овој член затоа што ваква определба, вака дефиниран став во членот 97, дозволува јавниот оглас за истиот став од овој член - засновање на работен однос, да биде на селективен начин.

Овој амандман, според моетомислење е многу продуктивен од друга страна е во согласност, на непосреден начин, со првиот став, затоа што концептот на овој член, конкретно ставот 2 од истиот член, некореспондира со ставот 1. Поради тоа јас сум на мислење дека ова треба да се избрише. Поточно овој амандман треба да се прифати.

Амандманот на нашата колешка навистина е од големо значење, така како што и самиот закон за полиција е многу значаен. Затоа и јас и моите колеги, посебно од Парламентарната група на ДУИ и ПДП, постојано настојуваме да му дадеме вистински правец, правец кој би не водел до потребното решение.

Пред да завршам со моето јавување, сакам да нагласам дека за мене и за целата парламентарна група на ДУИ и ПДП, воопшто не е значајно кој пратеник поднесува амандмани, било да е од мнозинството или од опозицијата. Главно е членот или подобро речено Законот во целост, да биде што е можно попродуктивен, да кореспондира што е можно, со времето и местото каде живееме.

Што се однесува до амандманот, мислам дека е предлог кој повеќе би го конкретизирал овој член затоа што навистина е потребна интервенција.

Имајќи го предвид горе кажаното, ќе беше многу оправдано овој амандман да се прифати, како од страна на пратениците на нашата коалиција така и од сите присутни пратеници.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Благодарам.

Ќе се потрудам преку неколку аргументи, во врска со предложениот амандман да аргументирам уште еднаш дека предлозите за овој закон, не само во врска со овој член, туку како концептуално, така и обелоденето преку членови, е далекуод интересот на граѓаните и далеку од прописите и демократските постапки што оваа инситуција би требало да ги има, со цел Законот да понуди оддржливи услуги и оваа институција од еден насилен орган, воглавно карактеризиран во минатото, да стане еден сервис за граѓаните и да биде во нивна служба.

Овој амандман, секако, претендира да го ублажи или да создаде една порпфатлива можност за тоа како може да се вработат или како може да се ангажираат одредени вработени со ангажман во полицијата. Преку ова, доколку би се прифатило и до колку Парламентот го изгласа во овој амандман за што жалам што госпоѓата министер не најде за сходно да го прифати овој предложен амандман би можело да придонесе по однос на евентуалното подобрување на овој Предлог закон. На тој начин член по член, ние документираме дека одредени прашања кои треба да бидат дел од овој закон и да бидат во функција на подобрување односно правење на што поквалитетен закон, не се опфатени во овој закон, а се кажуваат зборови кои не се од големо значење кога се работи за овој закон.

И претходно се кажа дека овој член или став 2 кој фактички е прашање на амандманот на госпоѓата пратеник е во противречност со Законот за работни односи, како системски закон, бидејќи се знае дека тој е закон кој се носи со двотретинско мнозинство, во рамките на постапките за системски закони и како таков треба да ги обврзе и другите закони, да се прилагодат на него, а не, така да ги наречам помалите закони, да ги

запоставaт обврските кои произлегуваат од овој закон.

Секако, знаеме дека со Законто за полиција и вработувањето во Полицијата има свои специфики и се создава можност систематизацијата за одредени места да се направи без верификацијата на ова институција што дава свои специфики. Во една ваква состојба кога Министерство за внатрешни работи го зема правото да направи сопствена систематизација, врз основа на своите потреби, сега таа го зема правото да вработи на тие работни места или да создаде работни места на нетранспарентен начин, запоставувајќи го јавниот инсрумент, а тоа е јавниот оглас. Мислам дека со едно вакви решение се продолжува со нетранспарентната пракса и на вработувањата во ова Министерство, бидејќи искуството е тоа што ни овозможува да бидеме будни и да не правиме вакви работи, затоа што, пред се, се работи за правата на човекот, право на вработување кое право треба да му се понуди на секој граѓанин на транспарентен начин, преку јавен оглас и не треба да се остави простор како за сопствени систематизации, надвор од Законот за јавна админситрација, а исто така и вработувањето на овие работни места врз основа на внатрешните решенија, запоставувајќи ја транспарентноста која се остварува преку конкурсот.

Кои би биле аргументите кои ќе се спротивставаат и на вториот дел, и на амандманот, но и на самиот текст, кој вели дека за посебни работи за одредени систематизирани места и за стипендии од Министерството, завршени студенти на полициската академија. Значи, неколку годишната пракса која не е така долга, аргументиа дека ова може да биде една мала врата за да имаме етничка измама во еден континуитет, во оваа институција, бидејќи доколку законот кој и така е неодржлив и блед по инструментите ои ќе гарантираат правична и соодветна застапеност во општата структура во Министерство за внатрешни работи, а со ова и во полицијата, бидејќи како што гледаме само еден член е тој кој на декларативен начин афирмира повеќе право отколку гаранција дека во текот на вработувањето ќе се води сметка и за правичната и за соодветна застапеност на не мнозинските заедници. Со ова мислам дека кога се говори за еден ваков инструмент и ваков закон кој гарантира и кој уредува полициски прашања, мислам дека е неприфатливо и недоволно, бидејќи се знае, како што сме рекле и порано во овој Парламент, Законот за полиција уредува чувствителни сегменти кои имаат непосреден пристап воопштеството и меѓу етничките односи. Ќе повторам уште еднаш, не случајно тоа е дадено во две клучни поглавја на Охридскиот рамковен договор што во анексот б) ги уредува правните прашања, исто така и во анексот кој е во функција на создавање на взаемна доверба за враќање на довербата и создавање на взаемна доверба. Како таква има посебна тежина и може да се каже дека не е случајно што е кажано во тојдоговор дека взаемната доверба се создава преку инструменти кои овој закон ќе го претвореа да биде можно, начелото на партиципацијата, учеството и опфатот на инклузијата, ќе бидат клучни елементи. Овие две начела не можат да се обезбедат толку лесно доколу инструментите кои го обезбедуваат тоа прашање, се отворени или се замаглуваат преку решенијата кои евидентно се нејасни и оставаат простор за внатрешни злоупотреби.

Ние не треба со прст да кажуваме дека овој министер ќе биде ваков или онаков, или оваа структура или таа друга структура ќе биде потранспарентна, повеќе или помалку транспарентна, или за неколку аспекти кои може да се решат со закон, да кажеме, како што имаме навика дека оваа работа ќе ја решат партнери во коалицијата. Јас уште еднаш ќе нагласам дека ништо не е сигурно и ништо не е конзистентно и ништо не е подобра грaранција за граѓаните, освентоа што се гарантира со закон. Секоја материја која ги имплицира правата на граѓаните и која треба и може да се гарантира со закон, мислам дека не треба да се дозволи на тие односи, бидејќи тие односи немаат одржливо решение и ги прават зависни тие односи од политичките партии, а целта на овој закон, верувам дека и министерот го дели тоа мислење дека е зајакнување на компетенциите, партиципацијата на немнозинските заедници и секако и деполитизација. Затоа, опфатот, без конкурс на стипендисти на Министерство за внатрешни работи во Полициската академија е една мала врата за да се ослободиме од начелото за правична застапеност и да создадеме услови за застапеност, каква ќе биде листата на стипендии, бидејќи немаме никаква гаранција, почитувани дами и господа, дека стипендиите во Министерство за внатрешни работи , како и досега и после тоа ќе бидат по еден одреден принцип кој би бил во функција на правичната и соодветна застапеност. Значи никаде, освен во приемот на Академијата што се врши врз основа на начелото на правичност и врз ова начело каде нема обврска никој да ги вработи, мислам дека студентите на Полициската академија, со Законот кој е во сила и со тоа што верувам дека го знаете, немаат обврска да се вработат во Министерство за внатрешни работи. Тие имаат граѓанска диплома, легална, како секој друг факултет и полицијата може да ги вработи а може и да не ги вработи. Вие гледате што се случува во Воената академија. Кога се запишуваат мислат дека имаат право сите да се вработат во Армијата. Ова наметнува и една друга логика и тие остануваат на улица. И со законот за полиција е истото. Дипломата која се издава од Полициската академија, не е диплома како порано која гарантира оддржливост и продолжување на вработување во полицијата. Но, тука се вели дека тие кои ќе добијат стипендии од Министерство за внатрешни работи, ќе се вработат без конкурс, без јавен оглас. Прашувам, кој е инструментот и за стипендиите да има еден пристап кој би

гарантирал, ако не друго, во другиот нетранспарентен дел, во однос на правото на човекот, каде правото за работа треба да биде пристапно или биско за сите граѓани, но и врз етничката основа. Значи стипендиите да бидат така ориентирани и тука да имаме една логика на правична и соодветна застапеност. Затоа мислам дека овој член, без оглед на предложениот амандман на госпоѓа Топузова, кој претендира да го подобри овој член, но со овие други елементи мислам дека е една мала врата со која можеме да дојдеме до дополнителни можности за дискриминација на граѓаните и да не се отворат општите политики кои се утврдени и во стратегијата на полицијата. Ние како држава консензуално сме го прифатиле фактот дека сите институции и мултиетничката држава се создава партиципирајќи сите во неа и сите да сносат одговорност, посебно во Полицијата и безбедносните органи, поради нивното влијание во создавањето на лојалноста во однос на државата која треба да биде допирлива и да биде иста за сите граѓани. За тоа не сакам да кажувам и други проблеми кои и во Полициската академија, за жал, и во минатиот мандат ги имаше и продолжуваат, па сакам да и сугерирам на госпоѓицата министер, како лице во власта кој го назначува директорот на Полициската Академија, знаејќи ја спецификата на оваа институција, мислам дека треба една поголема грижа.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Азис дискутирајте по амандманот.

**Азис Положани:** Благодарам.

Во тој контекст и сугерирам на министерката, по внимателно да ги увиди политиките на Академјата, бидејќи се работи за институција која е единствена во Република Македонија и верувам дека треба да остане единствена, но да остане таква доколку сите заедници тука ќе бидат една средина што ќе се вклучи без да се почувствува чувството на дискриминација, или не прием, како што се случи со една млада девојка која беше доста присутна во медиумите и која поради чудни причини не се запиша на оваа Полициска Акаемија. Треба да имаме една доза на толеранција за тоа што е нормативно, бидејќи сензибилноста од оваа институција бара да создадеме полицајци кои ќе бидат во случба на Македонија, во секое место да има заеднички дух и да негуваат едно приближување и да бидат пример за создавање на взаемна доверба и во однос на другите граѓани.

Затоа, начелно ние сме на ставот дека овој закон има концептуални разлики, па поради тоа и во врска со овој член сметаме дека малите врати и малите вратички отворени на овој или на друг начин ќе се употребат или подобро кажано ќе се злоупотребат за да се создадат други дисбаланси кои администрацијата секогаш, при негрижа на министерот кој има и други обврски во одредени моменти, ќе ги искористи за да се етаблира или да се зајакнат позициите, дискриминаторски позиции кои во ова време сме ги имале и во минатото.

Значи, секако треба да се поздрави амандманот, но уште еднаш се потврдува фактот дека како таков во целина не може да ја достигне целта за да се подреди на тоа ниво овој закон или овој член, кој може да го направи да биде прифатлив и функционален за сите граѓани, како што е предвиден низ цела Република Македонија. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Алити Рафис барате процедурално, или барате збор?

**Рафис Алити:** Барам збор.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете имате збор.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Иако се јавувам втор пат во однос на овој амандман на колешката Роза Топузова-Каревска, навистина читајќи го овој член и ставот 2, сите зборови кажани од пратениците на ДУИ и од страна на другите пратеници зборуваат дека станува збор за став или член каде што не само што се оставаат мали вратичиња за злупотреба, туку се оставаат и големи врати, отворени врати за злоупотреба од страна на министерот или вработените во ова министерство. Се поставува прашаање што тогаш токму во овој член се вели дека стипендистите или завршените студенти на Полициската академија, бидејќи се знае дека тие, посебно тие што студираат на Полициската академија имаат гарантирани работни места. Тие засноваат работен однос со самото тоа што стануваат студенти на Полициската академија. Веднаш се поставува прашање зошто тогаш, за кого законодавецот или тој што го изготвил овој член има оставено отворени врати. Повторно ќе дојдеме до констатацијата што ја кажавме вчера дека овој член остава простор за злоупотреби, било за партиски милитанти или за семејство и роднини на вработените во Министерството и тн. Со овој член фактички се прекршува и основното елементарно право на оние што конкурираат или сакаат да конкурираат во ова министерство. Затоа ќе беше добро доколку овој став да се избрише, така како што се бара и со амаднманот и сите оние што конкурираат да се стават на исто ниво, на исто рамниште, да конкурираат на конкурсите, иако и таму не се исклучуваат злоупотребите, меѓутоа, еве повторно има некоја регулатива, имаме стандарди за конкурс кои треба да ги исполнуваат тие што аплицираат, се разбира потоа и да засноваат работен однос. Не само што не се гарантира правичната и соодветна застапеност со овој член, и таму каде што се споменуваат стипендистите, значи која е гаранцијата за етничките заедници или пак за кандидатите од етничките заедници кои би конкурирале, затоа што навистина дали ќе има правична застапеност во текот на конкурирањето за стипендиите, исто така. За жал, ќе кажам дека на Полициската академија и понатаму ние како етничка заедница не го заземаме делот што ние го заслужуваме, барем не се примаат толку

студенти колку би требало да бидат од албанската етничка заедница. Сигурен сум дека и другите етнички заедници имаат забелешка во оваа насока, затоа што во текот на цело време во овие 4-5 години имавме жалби во оваа насока дека се прават големи неправди и во тоа министерство. Токму поради тоа бараме да не се остави оваа отворена врата за злоупотреби и уште еднаш, бидејќи не сакам да должам многу со дискусија, не само овој амандман и не само овој член туку законот остава многу простор, многу членови оставаат многу простор, тие се нејасни и оставаат многу простор за злупотреба, што значи има многу нејаснотии. Токму поради тоа ќе беше добро Министерството или преставникот на Министерството тука да го повлече овој Предлог-закон и навистина да се подготви добар закон, затоа што тоа што беше кажано од мојот претходен говорник е повеќе од вистина. Законот за полиција е многу чувствителен и Законот за полиција, покрај другото, треба да уредува и многу други прашања, меѓу етничките заедници и тн., што значи има свои специфики и токму поради тоа бараме да се повлече овој Предлог-закон од дневен ред, за да седнеме со еден поширок консензус да изготвиме закон кој ќе биде прифатлив за сите, меѓутоа, и закон кој што ќе биде спроведлив во секојдневието. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Нека повели господин Адеми Џевад.

Пратеникот Адеми Џевад не е тука.

Има збор пратеникот Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине Георгиевски.

Пожитувани пратеници, јас вчера расправав по овој амандман и членот 97, исто така, направив една корелација со став 1 и 2 од овој член во корист на интервенцијата направена преку амандманите на нашата колешка Каревска и навистина се одвива една разправа која е во позитивна насока, со што ве информира сите вас и јавноста дека не се работи за една опструктивна расправа, туку една расправа за да се надминат сите перипетии и тешкотии во насока на примената на овој закон. Во сета оваа расправа и дискусија околу овој амандман околу овој член и многу други членови останаа неколку прашања сеуште неразјаснети, кои водат кон сомнеж на начелната функција на овој закон и член во целина.

Самиот став 1 и 2 од овој член во суштина носи противречност, бидејќи на ставот 2 му недостасува и транспарентност. За да не зборувам за амандманот, бидејќи зборував во текот на вчерашниот ден, имам и неколку непосредни прашања до претставникот на Министерството за внатрешни работи по омжност да ни даде неколку објаснувања, за да се надминат некои сомнежи и дилеми за да создадеме јасна позиција во насока на подобрување на овој закон.

Го прашувам претставникот на МВР дали има можност подетално да го елаборира овој член и ставот 2, како и дали во иднина ќе има можност да се уреди со некој подзаконски акт или со самиот подзаконски акт во суштина може да дојде до дефинирање и подетално објаснување, па сите сомнежи и забелешки што ги имавме како субјекти да се решат, додавајќи го и амандманот на госпоѓа Каревска. Дали може во систематизацијата на работните места да има еден вид корелација или поврзаност, бидејќи во ставот се предвидува стипендистите кои имаат завршено полициска академија да можат да се вработат или да се систематизираат во МВР, дали има можност да се интервенира и со време да се уреди ова прашање и од другите факултети. На пример: Економскиот факултет. Или од Министерството за економија, бидејќи сме сведоци на многу случаи на економски и финансиски капитал во Македонија, посебно во таа област, на пример, аферата ФИКОМ и други афери, па економисти, стручни лица од областа на финансиите и други да можат стручно за овие прашања да објаснат и иститe да се расчистат заради надминување и справувањето со овие негативни појави во општеството во Република Македонија. Значи дали ќе има можности со подзаконски акти да се дадат варијанти.

Малку претходно спомнав и за стипендисти од другите факултати, да се има можност да се интервенира и тие да учествуваат во систематизцијата, таму каде што има потреба во МВР, односно полицијата.

Кога се говори за систематизацијата во МВР односно во полицијата, незнам дали ни било јасно или дали го анализирал ова претставникот на МВР, за Законот за работни односи. Имено, да не се коси овој начин на систематизација кога говориме за ставот 1 за јавен оглас да не се коси со Законот за работни односи. Мислам дека необјаснувањето на многуте прашања, кои претставникот на Министерството можеби е воздржана во оваа насока поради дискусиите и многуте расправи од пратениците во овој Парламент, мислам дека би требало да биде малку поактивна, по можност да ги објасни и елаборира и нашите дискусии и нас да не насочи или упати во една поначелна насока и во насока каде што се мисли да бидеме поконструктивни околу предложените амандмани за кои сме расправале до сега.

Една моја констатација господине Георгиевски, дами и господа пратеници, еве веќе две недели расправаме околу амандманите и за Законот за полиција, да седневме едноставно врз стручни основи со една голема согласност во интерес на Република Македонија...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, држете за содржината на амандманот.

**Сафет Незири:** Не, господине Герогиевски, со ова завршувам, ова ми е заклучокот. Ова ми е само заклучок.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам.

Мислам дека доколку седневме и го елаборираме заеднички овој закон за оваа недела колку што расправаме по амандманите на законот, сигурно законот ќе го донесевме кој би бил прифатлив за сите граѓани на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓице Јакупи, барате збор или процедурално се јавувате.

**Зумрете Јакупи:** Барам збор.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓице Јакупи, по трет пат барате збор по еден единствен амандман. Јас ќе ви дадам збор, меѓутоа, да не лутите ако некој ве обвини дека го опструирате мнозинството, го опструирате изборниот резултат и со тоа ја опструирате волјата на мнозинството граѓани на Република Македонија.

Повелете.

**Зумрете Јакупи:** Благодарам.

Почитуван господине Георгиевски, почитувани колеги и колешки пратеници, јас сакав само нешто да кажам во однос на тоа дека ние сме одлучиле или да се врати на повторно разгледување Предлог-законот, што би овозможило за ова да се интервенира од Уставниот суд или од меународниот фактот, затоа што во овој закон е и членот за кој сега расправаме, значи членот 97. Посебно ставот 2 прави голем прекршок во сите правни норми во државата, прави дискриминација на граѓаните, на националностите во текот на јавувањето на конкурс за вработување. Доколку во полицијата граѓанинот од разни националности конкурира, тој ќе биде дискриминиран врз основа на овој став. Исто така, со бришењето на овој став мислам дека ќе ја избегнеме оваа тотална дискриминација и ќе се овозможи да се примаат квалитетни кадри непривилегирани и институцијата Министерство ќе ја имаше адекватната, соодветната институционаолна форма или во функција на ова, според државните норми или нормите во земјата, значи ќе бидт исто така приспособени со евроатланските норми и ќе бидат колку што е можно поблиску до граѓаните, без оглед на нивната националност.

Ви благодарам за зборот.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Рафис Алити. Повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодрам.

Иако немав намера да земам збор, бидејќи и претходно реков дека ќе бидам краток, но еве вие како претседавач не можете да ни го одземете зборот, а можеме да имаме и подолги дискусии, бидејќи велите дека ние правиме опструкција или го опструираме парламентарното мнозинство...

**Љубиша Георгиевски:** Не е точно, не реков така, реков дека госпоѓицата Јакупи тоа го прави, а не вие.

**Рафис Алити:** Имено, за тоа се вратив и земав збор, бидејќи кога тоа и го кажувате на госпоѓа Јакупи, тоа ми го велите и мене и на другите пратеници од ДУИ. Вашата констатација нека биде така како што кажавте, но истовремено и ние имаме наша констатација дека вие сте направиле прекршување и опструкција на албанскиот глас и тоа треба и вие да го прифатите. Имено, поради тоа се овие дискусии или наши излагања во врска со овој закон, бидејќи и овој закон и овој предложен амандман ги става во нерамноправна положба албанците и другите етнички заедници. Поради ова пратеникот или ние како пратеници имаме право да земеме збор колку што мислиме дека треба да земеме збор, за да придонесеме за донесување на еден подобар закон.

Уште еднаш ќе нагласам како парламентарна група, повлечете го законот, тоа не е закон кој е од интерес на сите граѓани на Република Македонија. Тоа е закон препишан од времето на комунизмот или порано, но не е реформски закон, закон кој гарантира реформи. Имено, поради ова бараме да се повлече овој закон и да се зрачи позитивно со еден закон кој е во однос на една демократска Македонија, закон кој навистина ќе добие имплементација од сите граѓани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Молам, службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Ги повикувам сите пратеници да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Продолжуваме со работа.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 63 пратеници, гласале 63, за гласале 4, воздржано гласале 2, против гласале 57 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 97 став 2, поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска.

Пратеникот Весна Јаневска го повлече амандманот на член 97 став 2.

Пратеникот Весна Јаневска го повлече амандманот на член 98 став 2, алинеи 3, 7 и 11.

Пратеникот Весна Јаневска го повлече амандманот на член 105 за бришење на став 1.

Отворам претрес по амандманот на член 110 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот.

Според тоа, амандманот станува составен дел од законот.

Повелете, госпоѓо Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Почитувани пратеници, со огромно задоволство и се заблагодарувам на Владата и на министерката, се разбира, затоа што го прифаќа овој амандман. Нема да ви го трошам времето, но би сакала да ве запознам за каква доблест станува збор во овој момент кога министерката одлучи да го прифати овој амандман. (Реакции од пратениците).

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, тишина во салата, да ја чуеме госпоѓата Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Претседателе, некој нешто сакаше да каже, немам против, јас ќе ги сослушам сите што сакаат било што да кажат.

**Љубиша Георгиевски:** Вие имате збор процедурално.

Продолжете.

**Весна Јаневска:** Ви благодарам многу. Значи, членот 110 гласи :"Министерството ги осигурува полициските службеници во случај на несреќа при работа". Амандманот кој јас го предложив во членот 110 се додава нов став 2 кој гласи: "Во случај на професионално психофизичко нарушување на здравјето на полицискиот службеник, Министерството за внатрешни работи има обврска да ги покрие сите трошоци во врска со неговото лекување". Бидејќи веќе многу денови потрошивме многу време и дискутиравме за тоа како полицијата знаела понекогаш да ја злоупотреби својата функција, за тоа колку е важно да ги ограничиме во некои нивни дејства, сметав дека конечно некој треба нешто да каже и добро за оние луѓе кои чесно ја вршат својата работа, кои им служат на граѓаните на оваа држава, како и на пратениците во ова Собрание, бидејќи и ние сме граѓани, па сметав дека во овој дел каде што станува збор за нивните права, треба да се погрижиме нешто и тие да добијат некаква привилегија и тоа во оној момент кога на нив ќе им биде најстрашно и најтешко. Значи, станува збор за момент кога тие при вршење на својата службена должност би се случило да бидат повредени психички или физички, на пример, при престрелки и да преживеат психички стрес или евентуално да бидат физичкки повредени. Со оглед на тоа дека нашиот здравствен систем не само што не е совршен, напротив како доктор сметам дека има бескрајно многу проблеми во здравството, сметав дека оние кои се грижат за редот и правдата во оваа земја, имаат право на мала привилегија да бидат лекувани, колку и да е скапо нивното лекување, до дефинитивно завршување на тоа лекување, без оглед дали тоа ќе се случува тука во државата или дали можеби ќе има потреба да се случи надвор од државата.

Со оглед на тоа дека Фондот за здравство е во исклучително тешка ситуација, во него не знам од кои причини, за тоа ќе си кажат директорите зошто нема пари, оние од минатите 4 години и зошто нема лекови, нема протези, нема се она што на еден полициски работник би му било потребно во ваков случај, сметав дека овој амандман им го должиме на полицајците кои водат грижа за редот, не само на улиците, туку воопшто и за државата. Затоа, уште еднаш благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ова не беше баш процедурално, но имајќи ја предвид добрата намера, тогаш е во ред.

Отворам претрес по амандманот на член 111, став 2, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот се прифаќа и според тоа станува составен дел од законот.

Во меѓувреме пратениците Слободан Најдовски, Ристо Пенов, Роза Топузова-Каревска и Јован Манасиевски, пратениците Кенан Хасипи, Хади Незири, пратеникот Џеват Адеми и група пратеници од пратеничката група на коалицијата на ДУИ и ПДП, поднесоа амандмани, согласно член 166 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Согласно член 56, алинеја 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, го молам претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања да свика седница на која Комисијата ќе даде мислење дали со овие амандмани се врши усогласување на одредбите во текстот, што се измените поради поднесените амандмани на Владата на Република Македонија кои станаа составен дел на Предлогот на законот.

Давам пауза од еден час за да може Комисијата да одржи седница.

Исто така, давам пауза и за ручек до 15,00 часот.

(По паузата)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со седницата.

Во меѓувреме го добив бараното мислење од Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања. Мислењето ви е поделено, но заради јавноста дозволете да го прочитам.

До претседателот на Собранието на Република Македонија

Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на седницата одржана на 10 октомври 2006 година на барање на претседателот на Собранието на Република Македонија за давање мислење во врска со примената на член 166 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, врз основа на членот 2 точка 19 став 2 алинеја 1 од Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, го дава следното мислење:

1. Со членот 166 став 2 од Деловникот на Собранието е утврдено дека по исклучок, амандман може да се поднесе во текот на

претресот по предлогот на законот, ако со него се врши усогласување на одредбите во текстот што се измениле поради претходно усвојување на еден или повеќе амандмани.

Целта и смислата на оваа одредба е да се обезбеди конзистентност на текстот на законот и усогласеност на сите негови одредби.

Тоа значи дека согласно овој член од Деловникот, по исклучок, амандмани може да се поднесат само заради усогласување на други одредби од предлогот на законот кои мора да се изменат поради претходно усвоени амандмани.

2. Комисијата оцени дека со поднесените амандмани на Предлогот на законот за полиција од група пратеници на Пратеничката група на ЛДП на 4 октомври 2006 година, од пратениците Кенан Хасипи и Хајди Незири на 5 октомври 2006 година, од група пратеници на ДУИ и ПДП и од пратеникот Џеват Адеми на 6 октомври 2006 година, не се врши усогласување на одредбите на Предлогот на овој закон, во смисла на членот 166 став 2 од Деловникот.

Имено, Комисијата оцени дека со овие амандмани се предлагаат измени на одделни одредби од законот, а не нивно усогласување заради претходно усвојување на еден или повеќе амандмани. Ова, дотолку повеќе што ниту во образложението на амандманите не се наведува дека со нив се врши усогласување согласно членот 166 став 2 од Деловникот.

Од тие причини, Комисијата смета дека Собранието не треба да води претрес и да одлучува по поднесените амандмани.

Комисијата, Мислењето го усвои со мнозинство гласови.

Комисијата за известител на седницата на Собранието го определи пратеникот Светлана Јакимовска.

Бидејќи јас се согласувам со Мислењето на Комисијата, продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Процедурално за збор се јавува господинот Андреј Жерновски. Повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседател на Парламентот, почитувани дами и господа колеги пратеници,

За жал ние сме сведоци дека тоа што беше најавено во текот на овие денови, за жал, се оствари, а тоа е дека амандманите кои како ЛДП ги дадовме, ќе бидат одбиени од страна на парламентарното мнозинство за воопшто да не се разговара по нив.

Уште еднаш ќе потсетам на членот 166 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, вели: “По исклучок амандман може да се поднесе во текот на претресот по Предлог законот, ако со него се врши усогласување на одредбите во текстот, што се измениле, поради (потенцирам), претходно усвокување на еден или повеќе амандмани”.

Како што знаете Владата поднесе амандман.

Нашите, зборувам за пратеничката група на ЛДП, се поднесени исклучиво по однос на амандманот што е поднесен од Владата. Значи ние се државме до Деловникот.

За жал, оваа книга наречена Деловник за работа на Собранието на Република Македонија, не функционира и не постои во овој парламентарен состав. За жал овој Деловник кој има намера да донесе правила за игра каде Парламентот, прво ќе работи функционално, второ, каде сите ќе бидеме рамноправни, без разлика од која етничка провиниенција сме и без разлика дали седиме од левата или од десната страна на Парламентот.

Вие почитуван претседател и Вие почитувани претставници на парламентарното мнозинство, го суспендиравте. Овој Деловник веќе не важи во ова Собрание. Од самиот почеток укажувавме на ова, бевме конструктивни, а вие го откажавте сето тоа.

За жал, морам да го кажам ставот на пратеничката група на ЛДП дека по повод оваа точка ние повеќе нема да учествуваме во расправата, ја напуштаме работата на Собранието додека се дискутира за оваа точка затоа што повеќе вака не може да се работи. Насилие врз парламентарната опозиција ние нема да дозволиме. ЛДП нема да биде покровител на вашите незаконски дејствија, бидејќи и така и така носите закони со 58-59 пратеника и нема да бидеме покритие за вашата работа во овој Парламент. Приморани сме да ја носиме оваа одлука.

Сакам да ви укажам на Вас и на целата македонска јавност дека од утре односно задутре ќе организираме средби со амбасадорот на Европската унија, господинот Фуере и со амбасадорката на САД, да укажеме како се работи во Парламентот на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Морам да реагира на цензурата извршена во прочитот на член 166.

Минаа времињата на цензурата и заради исправно известување на јавноста ќе го прочитам она што е цензурирано, а после тоа ќе го прочитам и цел член 166.

“По исклучок амандман може да се поднесе во текот на претресот по предлогот на законот, ако со него се врши усогласување на одредбите во текстот што се измениле поради претходно усвојување на еден или повеќе амандмани”.

Еве тоа беше цензурирано, а Комисијата која ја избравме едногласно пред два часа овде во истиот Парламент, имено тука ја спори целисходноста и адекватноста на амандманите. Затоа со индигинација го одбивам цензурирањето на член 166.

Што се однесува до учеството на некои партии овде во овој Парламент, тоа е нивни проблем, навистина.

Што се однесува до тоа што ќе организирале тркалезни маси со амбасадори, сметам дека ниту

еден амбасадор на ниту една земја нема да му падне на памет да се меша во работата на Парламентот на една суверена држава.

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

(Пратениците на ДУИ бараат процедурално)

Може процедурално ако се однесува на членот 166.

Ги повикувам сите координатори на 15 минутна координација.

Предлагам 15 минути пауза.

(По паузата седницата продолжи во 16,06 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да си ги заземат своите места во салата, ќе продолжиме со работа за некоја минута.

Продолжуваме со седницата.

Ќе ви дадам збор на сите што ќе бидат овде на листата за процедурални интервенции, според Деловникот ќе имаат по три минути збор. Сите што се запишани, а ќе го почитувам овој ред, ќе добијат збор, затоа што претпоставувам дека сите бараат процедурална интервенција.

Господинот Рафис Алити има збор.

Господине Алити, би давал збор процедурално по ред, но вие како координатор на групата повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Не барам процедурално збор за членот за кој говориме. Ние како парламентарна група бараме еден час пауза за да се дообјасниме со парламентарната група за што сме се договориле на координацијата.

**Љубиша Георгиевски:** Објавувам половина час пауза.

(Пауза од 16,08 до 16,38 часот)

Продолжуваме со седницата.

Процедурално има збор пратеникот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Благодарам.

Јас сакам да го кажам и м оето мислење, кое го изнесов на седницата на Комисијата за мандатно имунитетни прашања. Мислење кое се разликува од мислењето кое го имаме во Извештајот на оваа Комисија, бидејки и на Комисијата реков и овде ќе нагласам дека ова мислење се коси непосредно со став 2 на член 166, каде се говори за таканаречен исклучок од став 1 на член 166. Во овој став се говори за можноста за поднесување амандмани и во текот на претресот по Предлог законот, ако во текот на претресот се измени текстот на законот преку поднесување одредени амандмани од предлагачи, во конкретниот случај од Министерството и Владата. Имено, користејки го ова право се поднесени одредени амандмани.

Во оваа насока, сакам да подвлечам еден факт дека целта на поднесувањето на амандмани, без оглед дали се говори за амандмани поднесени во текот на расправата по текстот или расправата за текстот, се говори за амандмани поднесени во согласност со став 1, значи да се измени односно да се дополни и измени предлогот на текстот. Оваа цел произлегува од самата етимологија на овој збор “амандамере”, латински збор, кој во превод значи измени или дополнување. Секоја измена или дополнување на текстот истовремено подразбира и усогласување на одредбите на текстот. Доколку се анализира во овој контекст овој став, повеќе од вистина е дека говори за усогласување, но покрај тоа усогласувањето, уште еднаш ќе нагласам е во однос на можноста на поднесување амандмани преку кои, како што нагласив претходно, се подразбира измена или дополнување на текстот. Ќе повторам уште еднаш, измената и дополнувањето на текстот подразбира усогласување на одредбите на текстот, во конкретниот случај на Предлог законот за полиција. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Азис Положани, три минути процедурално.

**Азис Положани:** Почитувани пратеници, дозволете со оваа процедурална забелешка уште еднаш да документираме дека во овој Парламент се прекршува процедурата, така како што беше гарантирана со Уставот и ова што е гарантирано со Деловникот.

Јас сакам да го демантирам претседателот на Собранието кој што рече или реагираше во моментот кога се цитираше еден дел од членот, всушност ставот во тој член, како да се цензурирал и не се читал до крај. Мислам дека тоа што претседателот на Парламентот го направи, прифаќајки го мислењето со мнозинство гласови од Комисијата или прифаќајќи го тоа мислење како завршен чин - господине претседател, вие правите рецензија и оневозможување на изразување на целата опозиција. Дозволете да ве потсетам, Деловникот не е донесен за да се направи кефот на парламентарното мнозинство, затоа што таа нема потреба од тоа, нејзините ставови се напишани во законот, тие се изјасниле за такво нешто и никогаш нема потреба да постои Деловникот. Меѓутоа, Деловникот секогаш и вие како претседател на овој дом, сте за да ја штитите опозицијата и да и создадете можност на опозицијата да може да се изрази преку поднесување на амандмани, закони или на друг начин да изнесе свое мислење. Затоа, доколку мислите дека некој направил цензура на некој став, тоа не е вистина, туку вие сте тие што сакате туак да инсталирате една практика на затворање на устата на опозицијата, штоне е добра работа за демократскиот развој и за практиката на овој Парламент.

Што се однесува на дилемата, процедуралната дилема дали треба или не треба да се разгледуваат овие амандмани, мислам дека сте сосема во грешка и доколку навистина не дозволите предложените амандмани, после

предлогот од Владата, во согласност со член 166 став 2 од Деловникот и доколку тоа не го дозволите - зошто? Затоа што ова беше практика и до сега која се практикуваше во овој Парламент, и вие се повикавте на оваа практика кога рековте дека ние не го повлекуваме овој закон од процедурата бидејки поминале 6 дена од рокот, затоа што ова се случило и порано. Господине претседател, дозволете да кажам да нагласам дека и порано овој Парламент дошол во една ваква ситуација и секогаш се дозволувала да се дебатира за амандмани од овој вид и во ваков вид на процедура. Значи вие и инсталиранaта практика, добра или лоша, сега кога веќе не ви е потребна, не ви врши работа, вие не ја прифаќате.

Дозволете да продлжам со амандманот, со членот 160. Вие, почитувани пратеници, треба да знаете дека амандманите на Владата, беше дозволено од страна на овој Парламент и од ваша страна господине претседател, да одат на Комисијата за политички систем. Таму се дебатираше. Во членот 170 став 4 се вели: “доколку се отвори дебата на Комисијата и таму се предложат амандмани, амандманите кои дошле од Владата”, значи Владата може да ги прифати или да не ги прифати. Една таква расправа се случи и во Комисијата и таму госпоѓата минситер се произнесе против некои амандмани кои усно и беа кажани, а нормално, тој амандман што не се прифаќа на Комисијата, значи што се отвори при претрес и дебата, го има тоа право да се поднесат амандманите и тука да помине таквиот предлог. Ова е нормална појава во демократијата. Меѓутоа, нема можност за амандманите да се отвори расправа во Комисијата и некои амандмани да се прифатат, како што беа прифатени од Владата, а некои не беа прифатени, а за другите опозицијата или некој што мисли поинаку да нема простор да ги поднесе амандманите, затоа што таму се отвори ова прашање. Значи прашањата поминати на Комисијата за политички систем не може да се затворат на тоа ниво. Тие штоне поминаа на Комисијата односно госпоѓата минситер не ги прифати таму, тука го уживаат тоа право да побараат подршка од самите парламентарци. До колку вие не ја создадете оваа можност, бидејки сте дозволиле расправа на седницата на Комисијата за политички систем, мислам дека го прекршувате Уставот и уште еднаш гопрекршивте Деловникот, по трет пат, во моментот кога проценивте дека треба да расправа Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања и не проценивте дека треба да расправа и Комисијата за финансирање, во моментот кога помина или кога се предложи амандманот на госпоѓата Весна Јаневска, кој во себе подразбир аи дополнителни буџетски трошоци и расходи. Вие знаете дека дополнителниот став вели, доколку амандманот во себе има буџетски импликации, тогаш треба како штоја повикавте Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, исто така, требаше да ја свикате и Комисијата за финансирање, бидејки предложениот амандман имаше импликации. Да ве потсетам, во тој амандман се зборуваше за психофизичките потреби што може да ги имаат полицајците понатаму, ќе преземе државата обврска да ги плаќа тие трошоци. Значи тие се обезбедени, осигурани, што значи имаше потреба од дополнителни расходи, што е во ред, ние се согласуваме со тоа и нема зошто да не ни се допадне тоа. Меѓутоа, тоа подразбира и буџетски импликации кои треба да ги плати или Фондот за здравство или треба да ги плати Буџетот. И за оваа работа требаше или предлагачот или вие да ја свикате Комисијата за финансирање за да го лоцирате местото од каде ќе се земат овие пари. Инаку, овие луѓе кои добија некакво право, утре, поради буџетски недостаток нема да имаат можност да го реализираат тоа право, затоа што немаат буџетско покритие. Од каде пари за тие прашања? Значи аплицирате двојни стандарди барајки политичка расправа на една комисија, која на вас ви одговара, а не барајки и политичка расправа на комисија која исто така е во интерес на процедурата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Кенан Хасипи има три минути процедурално.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе,

Сакам да ги потсетам колегите пратеници дека во моментот кога Владата ги достави амандманите на Предлог законот за полиција, поради реакциите на одреден број пратеници дека амандманите битно ја менуваат содржината на законот, за кој некои дури се заканија дека нема да го подржат, на ваш предлог се одржа седница на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матична комисија. Ова прашање е регулирано во член 170 став 4 од Деловникот на Собраниеот на Република Македонија, во кој се вели: “Ако амандманот на Предлогот на законот содржи одредби со кои се менуваат утврдените начела врз кои се заснова законот и ако усвојувањето на амандманот би предизвикало побитни изменувања на текстот на Предлогот на законот, за амандманот не може да се одлучува на седницата на Собранието ако надлежното работно тело и Законодавно-правната комисија не го разгледала и не поднеле извештај за тој амандман”. Токму повикувајки се на овој став, на седницата на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, се отвори расправа по предложените амандмнаи, по што со мнозинство гласови истите беа прифатени и станаа составен дел на законот. Меѓутоа, одлуката не беше едногласна, имаше еден против и еден воздржан глас.

На самата седница на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците поднесов амандман на амандманот на Владата, што не беше прифатено од страна на минситерот за внатрешни работи госпоѓицата Гордана Јанкуловска.

Сега се прашувам господине претседателе, до колку на седницата на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците се расправало по текстот на законот со кој се менува содржината на законот и на која не беше прифатен мојот амандман, со кој член од Деловникот ми се ускратува правото амандмански д аинтервенирам во Собраниеот на Република Македонија.

Според тоа, ставот 2 од членот 166 од Деловникот на Република Македонија во оваа ситуација погрешно се толкува. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Нека повели Грковска Славица, три минути.

**Славица Грковска:** Ако до сега некои ваши постапки претседателе пратениците од позицијата сакаат да ги припишат на ваше непознавање на Деловникот или пак на моментална неснаодливост, тогаш ова денес сигурно е тенденциозно, тенденциозно за насилно наметнување на волјата на мнозинството, за задушување на правото на мислење на пратениците и за угушување на демократијата.

Членот 166 став 2 од Деловникот, впрочем, е ставен како еден вид механизам за пратениците да имаат можност, доколку Владата го искористи ставот 5 од истиот член да поднесе амандман се до заклучување на претресот на Предлогот на законот, да можат да поднесуваат амандмани и да реагираат на таквото однесување на Владата. Имено, теоретски може да се случи во текот на претресот на законот Владата да поднесе амандмани и при крајот на претресот на законот, да поднесе амандмани кои комплетно суштински можат да го изменат законот и за тоа пратениците немале можност да реагираат со амандмани во текот на рокот утврден со Деловникот за работа на Собранието. Токму затоа постои член 17о, во кој што се вели дека Комисијата треба да заседава во таков случај, токму затоа постои член 166 став 2, за да можат пратениците да реагираат на таквото однесување и со свои амандмани да се обидат да изменат или да реагираат на амандманите поднесени од Владата.

Меѓутоа, сакам уште еднаш да потенцирам дека ова е механизам кој што е користен во сите претходни мандати на Собранието и дека многу често и партиите кои што се сега во парламентарното мнозинство го користеле токму од причините кои ги нагласив претходно.

Меѓутоа, она што дополнително загрижува е тоа што можам да констатирам дека мислењето на Комисијата за мандатно и имунитетни прашања е прилично паушално. Имено, цитирам: " Комисијата оцени дека со овие амандмани се предлагаат измени на одделни одредби од законот, а не нивно усогласување заради претходно усвојување на еден или повеќе амандмани". Ова дотолку повеќе што ниту во образложението на амандманите дека со нив се врши усогласување согласно членот 166 став 2. Прво, Комисијата воопшто не ги разгледувала сите амандмани поднесени по овој член од Деловникот и немала можност да се произнесе и да утврди дали секој од тие амандмани е за усогласување или не и второ, сите амандмани што се поднесени јас ги проверив додека беше паузата со координаторите, сите амандмани од првиот до последниот се повикуваат на членот 166 став 2 од Деловникот.

Јас барам од известителот на Комисијата да ми одговори како е можно да даде неточно мислење до ова Собрание, мислење кое содржи потполно неточни факти. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Павле Трајанов три минути.

**Павле Трајанов:** Благодарам.

Мислам дека сосема е јасно, и на приучен правник му е сосема јасно дека овде Делвоникот не се крши ниту од претседателот ниту од парламентарното мнозинство, бидјеки овој член зборува само за усогласување на текстот на законот тогаш кога има некоја промена преку амандмани во членовите. Ако се направи кус преглед што се предлага со амандманите, ќе се види дека со нив се настојува повторно да се опструира донесувањето на еден важен реформски закон битен за побрзо чекорење кон Европската унија. Имено, се предлага меѓу другото работното искуство од 10 години да се замени со 30 години на припадник на полицијата, време кога тие веќе заминуваат во пензија или пак со нула години работно искуство. Тоа доволно зборува и треба да знае јавноста што се предлага за да се изгради оценка од сите како и на кој начин работи овој Парламент и кој ја опструира работата, кој врши сега мајоризација, дали мнозинството или малцинството.

Јас сум сосема сигурен дека Комисијата многу деловнички постапув аи сосема исправно го толкува Деловникот на Собранието, така што сметам дека ваквата расправа сега процедурална за работа што е многу јасна покажува кој е за тоа да се донесе законот побрзо, а кој е целиот процес да биде опструиран и оспоруван. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Нека повели Лилјана Поповска три минути процедурално.

**Лилјана Поповска:** Благодарам.

Почитуван господине претседател, почитувани колеги пратеници, почитувана госпоѓо министер,

Процедурално по членот 166 се јавувам за збор. Мене ми е многу жал што ние не можеме или не сакаме овде да го видиме она што е очигледно. Членот 166 став 2 е јасен и секој писмен човек може да го прочита и да го разбере до колку има добра волја.

Јас морам да кажам дека сум изненадена од инсистирањето на колегите пратеници од опозицијата на поинакво читање на овој текст, на конструирање тези филувани со невистини и

полувистини, од што за жал мене ми доаѓа следниот заклучок.

Сметам дека се прави обид да се доведе во заблуда јавноста, со цел да се направи опструкција на Парламентот и опструкција на донесувањето на еден сериозен закон. На сите ни е јасно дека овој закон за Полиција е важен за државата и на почетокот сите изразивме добра волја да помогнеме во неговото донесување и да помогнеме на патот за интеграција на земјата. Затоа, мислам дека е несриозно и непримерно на ваков начин да се однесуваме, да се глумат овде драми, да се најавуваат закани дека ќе се оди да се обиколуваат меѓународни инстанци и тн., се со цел да се покаже дека во Парламентот нема демократија и дека се гуши демократијата. Јас би им порачала на тие спасители наводни на демократијата да седнат овде во Парламентот и заеднички сите колегијално да го разгледаме законот и на крајот да го донесеме и тој конечно да можеме да го следиме како ќе се применува, затоа што тоа и треба на Македонија, на Македонија и треба тој закон за Полиција, како уште една ставка од реализираните закони на нејзиниот пат за евротинтеграција. Мислам дека треба да бидеме посериозни и поискрени и почесни и кон себе зи и кон колегите, но и кон јавноста и кон граѓаните што не избрале. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Нема реплика, а процедурално се јави господинот Алити Рафис, три минути.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Дека се крши Уставот, дека се прекршува Деловникот на Собранието, не дека ние кои сме од десната страна, но и вие од левата страна тоа ви е јасно. Но, парламентарното мнозинство прави една нова услуга во однос на донесувањето на овој закон и имиџот на Македонија, велам прави една лоша услуга, бидејќи се кршат сите прописи во ова Собрание само за да се донесе овој Предлог-закон. Но, како и да е, ние како парламентарна група, како опозиција се повикавме на Деловникот на Собранието на Република Македонија, кој никогаш не се почитува тоа што ние го кажуваме и тек и тоа што пишува во Деловникот и не се работи според овој Деловник, туку се работи според една поинаква логика. Би било сходно парламентарното мнозинство да предложи овој Деловник на Собранието да е ништовен и да работиме без Деловник или да предложи нов деловник. Но, како и да е ова е работа на мнозинството. Пратеникот Павле Трајанов рече зошто 35 години работен стаж, сигурно тој кој што го предложил тој аманадман има намера и да го елаборира, да го образложи зошто треба еден раководител на еден ресор да има 35 години работно искуство. Велам, вие дајте ни ја можноста, а тој ќе ви даде образложение за тоа. Додека, уште еднаш ќе нагласам дека на законот опструкција прави мнозинството, а не опозицијата, ние не поднесовме амандмани. Вие го знаете нашиот став како парламентарна група и тн., дека ниту имавме намера да интервенираме амандмански, бидејќи имаме големи концептуални разлики со Предлог-законот. Но, како и да е, вие нашите покани, нашите расправи не ги почитувавте воопшто, не ги уваживте и ова е тоа што не мотивира да интервенираме амандмански и од оваа природа, за да видиме дека Владата дали има намера нешто од нашите предлози да прифати. Повторно ќе нагласам, ние како парламентарна група во координацијата што ја имавме донесовме став дека, бидејќи се крши се што е пропис во оваа држава, не се почитува гласот на опозицијата и ние ќе свикаме средба со странски амбасадори, со Дипломатскиот кор за да ги информираме за сето ова што се случува во Собранието во текот на овие денови. Бидејќи ние како парламентарна група навистина сме загрижени со ова што се случува. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господин Јани Макрадули повелете три минути процедурално.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Иако, дел од процедуралните забелешки кои дојдоа од страна на позицијата, беа политики констатации, јас ќе ја вратам во вториот дел мојата реплика на процедурата. Се сложувам дека на Македонија и треба закон за Полиција, но на Македонија доколку сака некој да и го потврди тој закон, и треба закон усвоен со поширока поддршка, каде што опозицијата ше се јави како поддржувач на тој закон. За жал, насилството на Деловникот што се прави од страна на парламентарното мнозинство не конвергира во насока на поширока поддршка на законот.

Од друга страна, амандманите што ги поднесоа нашите колеги од пратеничката група од ЛДП се, да се врати законот во форма како што го предложи Владата, што не знам дека не се брои во усогласување или дека Владата дава предлог што е неусогласен со нешто или пак паѓа во вода изјавата на “Сител” на премиерот, господинот Никола Груевски дека воопшто нема да се пратат нови амандмани.

Затоа мислам дека е несериозно и непримерно од поранешен потпретседател на Собранието на Република Македонија, каде што во нејзино време, јас ќе наведам околу 100 закони каде што се користел овој член, а тоае членот 166 став 2, дека по исклучок амандман може да се поднесе во текот на претресот по Предлогот на законот ако со него се врши усогласување на одредбите во текстот што се измениле, поради претходно усвојување на еден или повеќе амандмани. Овој член во Деловникот е коректив на можните злоупотреби од страна на Владата да драстично го менуваат законот и суштината на законот, давајќи амандмани во последен момент, односно неколку секунди пред да се затвори расправата по текстот. И, тоа не се случило прв пат во ова Собрание. Напротив, во изминатите години или во подолг период од изминатите години кога

потпретседател на Собрание била госпоѓата Лилјана Поповска имало вакви случаеви. Е сега, дали е несриозно или непримерно некој кој поднел амандман согласно Деловникот, или некој кој има општа амнезија, тоа нека оцени јавноста и јавноста ќе оцени кој кого замајува. Благдоарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Нека повели господинот Трајко Вељаноски, процедурално три минути.

**Трајко Вељаноски:** Слушам овие денови, Деловникот, цело време го спомнуваат особено од опозицјата, дека се крши Деловникот.

Овој Деловник се применува од 2002 година, го применуваше опозицијата кога беше на власт четири години и овој Деловник треба да се применува и да биде устав и за нив и за нас како парламентарно мнозинство.

Одредбите од Деловникот се стриктни и јасни, прецизни во однос на тоа ако некој сака да ги примени. Овде, во членот 166, ставот 2, на почетокот пишува “по исклучок”. Опозицијата сака исклучокот да го направи правило. И, добро е што Комисијата утврдила дека во конкретниов случај поднесените амандмани од ЛДП и од пратеничката група ДУИ-ПДП, во конкретниов случај не се исклучок, туку се оди кон тоа да се одолговлечи расправата по Предлог-законот за Полиција. На ЛДП малку им беа 10 денови да се расправа во овој парламентарен состав за Предлог-законот за Полиција, па сакаат да го продолжат уште 10 дена со поднесување на амдмани.

Јас би ги прашал што е суштината на амандманската расправа од страна на пратеничката група на ДУИ и ПДП кои јавно кажаа дека немаат амандмани, но ги искористија амандманите од ЛДП да расправаме овие 10 денови за една иста работа во која што еден амандман обработуваме еден ден. Дали суштината на вака поднесени, оркестрирани амандмани од ЛДП и од пратеничката група ДУИ-ПДП е целта да не се донесе законот за Полиција? Гледаме дека од страна на пратеничката група на СДСМ е поддржано ова оркестрирано поднесување на амандмани, се со цел да кажат дека тие се за законот за Полиција, но да не се успее да се донесе законот за Полиција и покрај тоа што е од голема важност за Република Македонија носењето на ваков закон.

Не знам што е поентата на расправата што беше во Комисијата за политички систем, каде што сите членови на Комисијата кажавме дека амандманите поднесени од Владата во однос на стажот се добри, намалувањето на годините на стаж за да може да има соодветна и правична застапеност на припадниците и на другите заедници во раководните сектори. Затоа што основна и темелна вредност на Уставот, согласно член 8 и амандманот што беше на Уставот е соодветна и правична застапеност. Ако е целта и на пратеничката група ДУИ-ПДП да го опструира тоа, треба да кажат зошто е тоа така.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Џеват Адеми процедурално три минути.

**Адеми Џеват:** Ви благодарам господине Георгиевски.

Дозволете за овие три минути колку што ми припаѓаат според Деловникот, кој Деловник сакаме сите да го почитуваме, на почетокот сакам да ви проследам честитки и поздрави од парламентарната група на ДУИ и ПДП за вашата доследност, доследноста на парламентарното мнозинство за повредување на Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

Толкувањата можат да бидат вакви или онакви. Логиката на надгласувањето во Парламентот, во комисиите, логиката на надгласувањето при избор на многу значајни органи, почнувајќи од Комитетот, најавува лоша практика. Овој закон може и да се изгласа. Овој закон, според оваа логика и ќе се изгласа. Меѓутоа, сликата што сме ја проследиле сите ние, парламентарното мнозинство и сите ние како пратеници, оваа слика на овој закон му гарантира непрактикување, му гарантира неимплементирање, му гарантира произведување на проблеми. Затоа, не ми е јасно чија цел е произведување на проблеми?

Сакам да објаснам еден претходен говорник кој тука рече, во предложените амандмани има и такви кои бараат раководните полициски структури да имаат над 30 години работно искуство. Меѓутоа, тоа е вистина и јас сум предложил таков амандман. Доколку предлагачот, во конкретниов случај Владата е глува на секое интервенирање за демократизација на овој закон, доколку предлагачот и парламентарното мнозинство не усвоија ниту една интервенција, а чија цел беше реформа во Полицијата, доколку ова парламентарно мнозинство оспорува нова логика, оспорува нова логика после 2001 година за имплементирање на оние стари стандарди, ви требаат луѓе со над 30 годишно искуство во Полицијата, ви требаат, луѓе кои во својата биогравија имаат убивано граѓани, масакрирано, прогонувани, ви требаат команданти на Полицијата кои ќе бидат координатори на групите кои крадат, а не борци за заштита на законот, на јавниот ред и животот.

Само да завршам со мислата, ова сакав да го објаснам за да дадеме можност да не убедите дека ова не беше намерата бидејќи немавме можност поинаку да ја објасниме логиката зошто постои можност еден млад полициски офицер, со сите квалификации, со сите лиценци, само затоа што нема осум години работно искуство да не може да биде командант. Ова сакавме да го расправаме сите, со амандманите што ги поднесовме. Но, вие не сакате, па затоа одговорноста е ваша.

**Љубиша Георгиевски:** Нека повели Хани Тахир, три минути процедурално.

**Хани Тахир:** Почитувани дами и господа, почитувани пратеници.

Мислам дека на оваа парламентарна седница вие кои претседавате со парламентарната седница го кршите Деловникот на Собранието, бидејѓи амандманите поднесени од страна на ЛДП не се потпишани од парламентарната група на ДУИ-ПДП. Доколку од еден претходен говорник и од господинот Павле Трајанов ни се нагласи дека ние не сакаме да донесеме еден закон за Полиција, кој е повеќе од потребен за да се донесе за кратко време, сакам да го кажам следното. Доколку се прифати предлогот на ДУИ-ПДП, сите парламентарни групи со релевантност во Република Македонија, доколку седневме да разговараме за да имаме еден консензус, партиски консензус, политички консензус, но и етнички, сигурно дека можеби побрзо ќе го донесевме овој закон. Мислам дека треба да расправаме за Предлог-законот за Полиција, бидејќи има многу дефекти, недоречености и за овие недоречености сакам да кажам дека не сум слушнал од некој стручњак од оваа област од албанската заедница да излезе и јавно да каже да даде позитивно мислење дека овој закон ги исполнува интересите на албанската заедница. Има една контрадикција во Предлог-законот за Полиција, бидејќи во членот 21 и 23 кој е во спротивност со членот 9 од Законот за внатрешни работи, каде децидно во членот 9 од Законот за внатрешни работи се вели дека “Полициските и другите внатрешни работи во секоја општина се формира најмалку една полициска станица”. Значи, овие измени кои постојат и овие контрадикции треба да се отстранат и ако се даде можноста да разговараме и да се постигне еден политички консензус, тогаш сигурно дека овие разидувања ќе се отстранат, бидејќи не само во овој член, туку и во други членови не се исполнуваат интересите и потребите на Албанците во Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Јакимовска Светлана. Повелете, три минути процедурално.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам претседателе.

Би сакала да кажам дека е побарано токму од вас како претседател на Собранието да даде мислење Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања. Ова што вие побаравте, токму тоа го потврдува дека точно се почитува Деловникот за работа што многу се изјаснија дека Деловникот не се почитува во работењето на ова Собрание. Морам да кажам за сите нас колеги тука пратеници, а и за јавноста дека Комисијата работеше во полн состав и многу хармонично заврши целиот тек на седницата на Комисијата. Значи, не беа изнесени никакви тензични прашања, никакви тензични провокации. Така, Комисијата работеше онака како што доликува да работи на една комисија избрана од Парламентот. Жал ми е што членот на Комисијата од ЛДП не е присутен тука за да го слушне ова мое излагање и дека на самата Комисија тој се согласи токму тоа. Еден од претходните дискутанти на Парламентот сега кажа дека правилото не смее да стане исклучок.

Треба да се разграничнува правило од исклучок, се согласи на тоа и воопшто немаше асполутно никакви забелешки во оној дел кој што беше изнесен од страна на еден од членовите во Комисијата.

Тоа што, апсолутно, одлуката, односно мислењето и ставот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања не е едногласен, воопшто не е ни страшно, меѓутоа, дека е донесен со мнозинство, тоа го потврдува, она што го доставивме до вас. Морам повторно да кажам дека усогласување на одредби во текстот, што се измениле поради претходно усогласување на еден или повеќе амандмани, со оние 54 амандмани за што вие побаравте мислење од Комисијата, не се врши. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути процедурално, господинот Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Добро е тоа што вие го назначивте како опструкција. Сега по се изгледа се врши опструкција од позицијата, бидејќи и позицијата зема збор, процедурално. Значи, кога баравме збор процедурално заради кршење на процедурата од ваша страна, вие тоа го толкувавте како опструкција. Сега изгледа и позицијата ви врши опструкции, господине Георгиевски. Тоа не загрижува, бидејќи со точни цитирања на членови од Деловникот, така како што почнаа нашите пратеници и пратениците на другите парламентарни групи во ова Собрание, на зборовите од опозицијата се доби едно објаснување кое не стои кај претходниот говорник. Тоа се политички зборови.

Ме загрижува тоа што и госпоѓа Поповска која беше претседател на Собранието, се согласува со прекршувањата на Деловникот.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, земавте збор за процедурална забелешка.

**Агрон Буџаку:** Тоа што го говорам е процедурално.

Ако тие говореа за политички цели, јас говорам процедурално, тоа што госпоѓа Поповска вели дека ова е писмено и не загрижува доста, бидејќи доколку вие ја кршите процедурата, тогаш може да се каже дека не ја познавате. Но, игноранцијата е многу поштетна кога се прави намерно, игноранцијата на процедурите. Но, сега имаме работа со една состојба што вие сега во Собранието изјавувате, после зборовите на господинот Жерновски дека ќе ги извести амбасадите.

Да ве потсетам дека тоа што се рече пред неколку дена од Европската унија, мислам дека вие земјата ја водите во правец на Белорусија која е една изолирана држава и по се изгледа и вие сакате да ја изолирате Македонија, непочитувајќи ниту етнички концензус кој е неминовен за овој закон, но, по се изгледа и со

кршењето на процедурата и со расправите и политичкиот консензус. Тоа што се случува сега може да биде еден облик на постапка за во иднина, за секој закон, доколку Владата за секој закон поднесе амандмани, вие со мајоризација во самата комисија, како што почнавте, ќе ги срушите сите наши амандмани.

Уште еднаш ве повикувам да зрачите позитивно, во однос на тоа што го правите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Нека повели Весна Бендевска, процедурално.

**Весна Бендевска:** Мора денес да констатираме дека токму денес вие воведувате нова пракса во работата на ова Собрание.

Значи, ние како пратеници ќе разгледуваме предлог-закони од различни области и секој пратеник, согласно член 166 ќе може 5 дена пред почетокот на седницата да поднесе амандмани. Но, при крајот на расправата Владата ќе може да си дозволува да поднесува свои амандмани врз кои, ние како пратеници не ќе можеме амандмански да реагираме. Токму ова, почитуван господин претседател, значи дека суспендирањето на членовите 166 и 170 од Деловникот за работа на Собранието, можат да значат само едно. Со ваше аминување вршите суспендирање на парламентарната демократија односно ја суспендирате законската работа на, да ве потсетам, Законодавниот дом во Република Македонија. Тоа е мошне сериозна порака. Суспендирањето на парламентарната демократија ќе има многу сериозни импликации врз интегритетот на ова Собрание и воопшто врз развојот на демократскиот капацитет на нашето општество.

Апелирам, да не дозволиме ова да стане пракса во работата на овој состав на Собранието и барам ваша лична интервенција, почитуван претседателе. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Нека повели Дулиќ Благородна.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам.

Да ви кажам право нова сум во парламентарниот состав, слушам па се чудам и не можам да се начудам, како од една јасна одредба направивме да се дискутира што и мало дете ја гледа и ја согледува содржината.

Мене не ми е чудно, колегите од ДУИ можеби не го разбираат доволно македонскиот јазик, па не можат да ја сфатат суштината одредбата од член 166 став 2 од Деловникот. Меѓутоа, останатите дискутанти кои со пароли удираа на тоа дека навистина се кршел Деловникот, се правело ова, се правело она, ќе иделе по амбасадори. Па тоа е срамота за сите нас. Се доведуваме во ситуација целата македонска јавност да ни се смее. Се доведуваме во ситуација да се дигне македонскиот народ па да не праша што правите вие таму 120 души, да не можете да прочитате една одредба, да не можете на координација да се договорите што и како ќе се прави. Ниедна координација до сега не ни успеала. Зошто? Затоа што по секоја цена се прави опструкција на работата на Парламентот. Секој од своја гледна точка има некој интерес.

Почитувани колеги, се потсетувам на една мисла на еден голем човек што рече - власта е страст над сите страсти. Токму заради тоа целата оваа полемика се води сега. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути процедурално за пратеникот Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Благодарам.

Како што изгледа на јавен начин, како што и почнува парламентарното мнозинство, исто така преку своите механизми, преку претставниците на Владата се обидуваат на разни форми и начини, парламентарното мнозинство да направи мајоризација на опозицијата, кој како позиција има обврска и задача секогаш да го поправа парламентарното мнозинство и постоечката Влада. Тоа не случајно, или можеби случајно е поради непознавање на Деловникот за работа на Собранието. Ние можеби не треба да им го земеме тоа за грев, бидејќи непознавањето на еден официјален службен документ кој е излезен од самиот Парламент, од претставниците на народот, треба да се постави еден голем прашалник, дали навистина тоа се вистинските претставници на народот, или не, или го прават тоа намерно само за да го направат деструктивен самиот Парламент, затоа што парламентарното мнозинство со прекршување на овој Деловник има обврска имиџот и кредибилитетот на Собранието на Република Македонија да го одржи на потребното ниво, на ниво кое е предвидено со закон и Устав на Република Македонија. Тоа е едната страна.

Другата страна е тоа што од парламентарното мнозинство се прави обид да се замолчи опозицијата, која со своите амандмани, без разлика дали се работи за парламентарната група на ДУИ и ПДП, а во последно време се гледа дека опозицијата е гласна и од страна на другите парламентарни партии кои се присутни во овој Парламент, со предлагањето на разни амандмани на овој закон, закон за полиција, со што се настојува да се даде квалитет, да се направи политички консензус, меѓутоа од наша страна и етнички консензус. Наместо парламентарното мнозинство и постоечката влада да го имаат предвид тоа и да создадат имиџ, не само за Парламентот на Република Македонија, туку да создадат имиџ и за граѓаните на Република Македонија, да создадат имиџ за Република Македонија во меѓународните институции, сама себеси си прави “самоубиство” за позицијата на Република Македонија во високите инстанци. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Нека повели Беџети Блерим.

(Од место се јавува пратеникот Рафис Алити со барање претседателот да ја прекине седницата заради ифтарот)

**Љубиша Георгиевски:** Вие сте тие кои ја одолговлекувате седницата, со вашите дискусии и повторувања.

Сега е 17,30 часот, имаме уште тројца пратеници за збор, значи уште 9 минути дискусија, а мојот збор на крајот ќе трае 2 минути.

Откажете се од некоја дискусија. Вие, на пример, господине Алити барате по втор пат збор, а времето ви е за одење, а господинот Положани за два амандмани говореше и сега бара збор по трет пат. Тоа не е логично. Ако брзаме, да брзаме сите.

Ајде, да го фатиме ифтарот. Јас имам и протоколарни задолжувања, имам прием во 18,00 часот.

Ќе говорите ли, господине Беџети?

**Блерим Беџети:** Сакам да зборувам, но, кога ќе завршите вие со вашата дискусија.

Ви благодарам господине Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Дозволете јас да ги земам своите три минути за објаснување.

Заклучувајќи ја расправата, процедурално, се чувствувам должен да дадам извесни објаснувања.

Јас ве слушав долго, имајте нерви да ме сослушате и вие мене.

Слушнав разни работи, од најумни до најнебулозни. Но, во животот е така, вие сте овде, дами и господа, да говорите, јас да слушам. Верувајте ми, мојата рола е многу потешка, но така е феноменолошки, така мора да биде и така и ќе биде.

Чув погрешна пракса, како аргументација за да биде одбранет Деловникот, чув паушални навредливи квалификации на мојата дребност, но и тоа го разбирам. Вие се чувствувате како што се чувствувате. Чув оспорувања на мнозинството, силеч на основниот столб на демократијата и на секој Парламент, дури оспорување на мнозинство, чув во рамките на комисиите каде никогаш не се спори околу тоа, чув разни небулози, чув дури тужибабски чочеци со додворување на Европската унија и на амбасадорите, како ова да е тајна седница, како тие да не гледаат што се случува. Тоа не е тајна. На крајот, чув еден неверојатно умен предлог кој просто ја сумира цела оваа десетодневна расправа и ви благодарам господине Алити, тој предлог дојде од вас. Тоа е предлогот да се потрудиме да излеземе со нов Деловник и еве јас ви ветувам дека во најскоро време ќе излеземе со нов Деловник и ве поканувам, пред сите, да станете дел од екипата што ќе го подготвува, благодарејќи ви на овој умен предлог, навистина умен.

Што се однесува до самата процедурална расправа, односно околу членот 166, должен сум само едно објаснување до крај. Во што е суштината на тој член, бидејќи процедурално е чист и онака како што е применет од страна на Комисијата за деловнички прашања, е чист. Но, сакам и заради јавноста и заради сите вас да ја потцртам смислата. Клучната смисла се содржи во клучниот збор усогласување. Многу мислев на овие проблеми. Значи членот е ставен за на крајот кога ќе се завршат амандманските расправи, кога ќе се усвојат многу амандмани, овде велиме амандманот станува дел од Законот, нели го прифаќа Владата, вклучително владините амандмани. Може да дојде до несогласност односно до дискрепанца односно до контрадикторност меѓу еден и друг член во самиот Закон, бидејќи се прифаќа. Ние не мислиме за тоа како ќе изгледа законот, прифаќаме, прифаќате и така натаму. Многу е важно пратениците да мислат за тоа дали прифатените амандмани отвораат некои несогласности, некои инконзистентности, некои контрадикторности во целината наречена закон. Тогаш се предлага од член 166 и после рокот се предлагаат амандмани во кои се вели, овој амандамн служи за да ги помести инконзистенциите односно контрадикторностите што се создале со прифаќањето на новите амандмани, било да се тие од Владата, било да се прифатени овде во Собранието.

Ги гледам сите амандмани највнимателно. Во ниеден од нив нема ни траг од зборот усогласување. Во ниеден од нив нема ни траг од предлагање на поимите што треба да се усогласат. Значи во ниеден од тие амандмани нема такво нешто. Но ги пуштив агнотам да ги имате заради тоа што имам цврста намера ова Собрание да работи што е можно најтранспарентно за да можат и новинари да ги добијат и т.н.

Според тоа продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Овде, откако продолжуваме со претрес по Предлог-законот, молам да ми дозволите, дами и господа пратеници, дозволете ми од мое и ваше име на граѓаните на Република Македонија да им го честитам утрешниот празник 11 Октомври, Денот на народното востание.

Сега, поради моите неодложни протоколарни задолженија, имаме прием, еден кој почнува во 18,30 часот, во чест на нашиот најсветол празник 11 Октомври, потоа имаме уште еден.

А, како што кажа почитуваниот Алити, почнува ифтарот и овде ја прекинувам седницата.

Продолжува со оваа седница во четврток во 11,00 часот.

На сите ви благодарам за соработката.

(Седницата прекина со работа во 17,40 часот)